Врз основа на Програмата за општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во градот Скопје за 2011 година(„Службен Гласник“ на Град Скопје бр.2,3/2011 година бр.55/02) , Град Скопје објавува:

**КОНКУРС**
**ЗА**
**ИЗБОР НА НАЈДОБРА ФОТОГРАФИЈА СО МОТИВИ ОД СКОПЈЕ**

**1.Професионална фотографија**
**2.Аматерска фотографија**
**Теми за фотографиите со кои ќе се конкурира се следниве:**

- **Скопје-Градот што се менува** (оваа тема треба да ги опфати новите споменици и објекти-музеи, спортски сали, паркови, видо-изменети плоштади, булевари и.т.н, односно новиот лик на Скопје кој од ден на ден се повеќе се менува ),
- **Старата скопска чаршија и знаменитостите, односно сакралните објекти во Чаршијата и Калето ,(** целта на оваа тема е да се открие идентитетот на Старата скопска чаршија, пулсирањето , животот, занаетите, односно духот на Чаршијата кој е олицетворение на се она што значи мултиетничко, мултикултурно, еснафско и заедничко живеење и творење низ вековите во таа засебна оаза на архитектонски автентичните ориентални објекти , кои и даваат посебен печат на левата страна на реката Вардар во Скопје),
- **Водите и убавините на Скопје (** оваа тема треба да ги опфати реката Вардар, Треска, езерото Матка и околината со сакралните објекти, акумулацијата Козјак и др.),

Се повикуваат сите учесници аматери, професионалци и деца, на Конкурсот да поднесат свои фотографии, согласно утврдените критериуми:

1. Мотивите на фотографиите да се согласно темите- Старата скопска чаршија, Скопје-градот што се менува и Водите и убавините на Скопје,
2. Да се достават по **5** фотографии од секој мотив ,
3. Доставените, односно пријавените фотографии да се во, **JPIG-** формат,**ниска резолуција,**
4. Наградените фотографии дополнително да бидат доставени во оригинален формат, односно фотографија 30/40 см и во дигитален **TIFF** формат , со висока резолуција.
5. Изборот на фотографиите ќе го изврши Комисија формирана од Градоначалникот на Град Скопје, според критериумите утврдени во Конкурсот.
6. Избраните фотографии, ќе бидат наградени и по потреба откупени од страна на Град Скопје.
7. За секоја од трите теми за фотографиите со кои ќе се конкурира ќе има по три награди, односно:

**●Прва награда за фотографија со мотиви од Скопје-Градот што се менува .............................................. 18.000,00ден.**
**●Втора награда за фотографија со мотиви од Скопје-Градот што се менува .............................................. 15.000,00ден.**
**● Трета награда за фотографија со мотиви од Скопје-Градот што се менува .............................................. 7.000,00ден.**

**●Прва награда за фотографија со мотиви од-Старата скопска чаршија и знаменитостите, односно сакралните објекти во Чаршијата и Калето.................................................... 18.000,00ден.**
**●Втора награда за фотографија со мотиви од Старата скопска чаршија и знаменитостите, односно сакралните објекти во Чаршијата и Калето.................................................... 15.000,00ден.**
**●Трета награда за фотографија со мотиви од од Старата скопска чаршија и знаменитостите, односно сакралните објекти во Чаршијата и Калето.................................... 7.000,00ден.**

**●Прва награда за фотографија со мотиви од-Водите и убавините на Скопје...................................................18.000,00ден.**
**●Втора награда за фотографија со мотиви од-Водите и убавините на Скопје...................................................15.000,00ден.**
**●Трета награда за фотографија со мотиви од од-Водите и убавините на Скопје.................................................... 7.000,00ден.**

**8.**Секој кандидат своите фотографии или дигитални снимки ( ЦД-во ниска резолуција)треба да ги достави во затворено плико на кое на горниот лев агол треба да стои ознаката "не отворај", а во средината треба да биде назначена точната адреса на примачот.

Надворешноста на пликото не смее да содржи никакви ознаки за испраќачот. Во затвореното плико треба да има уште два затворени и запечатени пликови, од кои едниот со ознака "предлог" под шифра, а другиот со иста шифра ја содржи документацијата и идентификацијата на испраќачот.

Адресата на која треба да се достават предлог- фотографиите е:
Град Скопје
Сектор за локален економски развој
бул.„Илинден“б.б-Скопје
Со назнака за Конкурсот за најдобра фотографија со мотиви од градот Скопје.
или во Архивата на Град Скопје , барака бр.16

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат на тел. 3 297-218, секој работен ден од 8.30 до 16.30 часот, или во просториите на Град Скопје, барака бр.6, канцеларија бр.1-Одделение за туризам.

●Конкурсот трае 20 работни дена, односно од денот на објавувањето(22.11.2011 во средствата за јавно информирање),а завршува на 20.12.2011год.

●Пријавите за Конкурсот кои нема да бидат доставени во наведениот рок нема да бидат разгледувани.

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Сектор за локален економски развој**